РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-209/1
14.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.12.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Петар Џуровски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Виктор Павловски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 25. седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Во врска со точките од предложениот дневен ред за 25. седница, м-р Сашо Стефановски најави дека Точката бр. 1 – „Усвојување на Предлог-записникот од 24. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2025 година“ – ќе се одложи поради технички причини, односно поради тоа што седницата заврши пред само неколку часа и немало доволно време да се изработи записникот.

Советот на Агенцијата, со измената за одложување на Точка бр.1. едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записникот од 24. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.12.2025 година.
2. Предлог-годишен план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за одобрување финансиски средства за набавка на адвокатски услуги.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата поради технички причини го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 24. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.12.2025 година.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски го образложи Предлог-годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој објасни дека овој план ги отсликува активностите утврдени во документот усвоен на претходната седница, односно Годишната програма за работа со Финансискиот план, и ги пресликува активностите што треба да се реализираат во 2026 година. Директорот нагласи дека по усвојувањето, Агенцијата е должна да го достави Годишниот план за јавни набавки за 2026 година до Бирото за јавни набавки најдоцна до 31 јануари 2026 година.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска почна со образложување на одредбите од Законот за јавни набавки, според кои Агенцијата, како и сите други договорни органи, има обврска да донесе План за јавни набавки, кој треба да се објави најдоцна до 31 јануари 2026 година. Таа објасни дека во овој годишен план се вградени сите потреби пријавени од надлежните сектори во Агенцијата, како и сите други потреби што исто така беа пријавени. Нагласи дека подготовката на Планот за јавни набавки е предвидена во ИСО-процедурата за постапка за јавни набавки, што е донесена во Агенцијата. Раководителката посочи дека доколку во текот на 2026 година се појави потреба од спроведување дополнителна јавна набавка која не е предвидена во предлог-годишниот план, Планот може да се дополни со таа или повеќе набавки, под услов за тоа да се обезбедени средства во Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година. Таа објасни дека структурата на Планот за јавни набавки е определена, односно образецот за подготвување на овој документ е пропишан со Правилникот за формата, содржината и начинот на подготвување на годишниот план за јавни набавки, донесен од Министерството за финансии на Република Македонија. Врз основа на усвоениот Годишен план за јавни набавки, ќе биде изработен распоред за јавни набавки, во кој ќе се дефинира кои сектори се задолжени за иницирање на секоја одделна постапка за јавни набавки и кои лица ќе бидат задолжени за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки по спроведувањето на постапката. Раководителката нагласи дека сите материјали за Планот се доставени до членовите на Советот и дека е подготвена да одговори на сите дополнителни прашања.

Директорот д-р Зоран Трајчевски дообјасни дека Планот за јавни набавки го усвојува Советот на Агенцијата, но потоа, во текот на годината, при неговата реализација, Советот повторно одлучува за секоја јавна набавка поединечно. На овој начин, Советот врши двојна контрола – и при усвојувањето и при спроведувањето на планот. Тој нагласи дека доколку денеска се усвои нешто, но во текот на годината се утврди дека нешто не е правилно, Планот може да се измени.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски истакна дека Годишниот план за јавни набавки претставува „жива материја“ бидејќи во текот на годината е можно да се прават измени и дополнувања.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за донесување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот Годишен план за јавни набавки во 2026 година да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Директорот д-р Зоран Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за одобрување финансиски средства за набавка на адвокатски услуги. Тој објасни дека Агенцијата соработува подолг временски период со оваа адвокатска канцеларија, од 2019 или 2020 година. Соработката е успешна, а адвокатската канцеларија застапува во многу случаи не само во Скопје туку и надвор од градот. Директорот посочи дека најголемиот дел од случаите, преку 95 %, завршуваат успешно. Трајчевски нагласи дека сумата за оваа набавка е економски оправдана и релативно ниска, бидејќи доколку се вработи само еден правник во правниот сектор, што не може да ја надополни работата на адвокатската канцеларија, месечниот трошок би изнесувал околу 100.000,00 денари. Директорот истакна дека оваа набавка не подлежи на Законот за јавни набавки. Како во минатото, така и сега, со цел транспарентност, во материјалите доставени до членовите на Советот е приложен и договорот за увид, за да бидат информирани.

Советничката Цветанка Миновска постави неколку прашања во врска со Предлогот за одобрување финансиски средства за набавка на адвокатски услуги. Првото прашање беше дали директорот на Агенцијата има дискреционо право самиот да го одбере адвокатот или адвокатскиот тим што ќе ја застапува Агенцијата. Таа нагласи дека прашањето не се однесува на износот на средствата туку на правото за избор на адвокатската канцеларија или адвокатот. Второто прашање се однесуваше на наведувањето „адвокат од Скопје“ и советничката побара, доколку тоа не е тајна, да се наведе име и презиме на адвокатот од Скопје, бидејќи не треба да постои тајност за лицето со кое Агенцијата има склучено договори и соработка. Третото прашање се однесуваше на информацијата за исполнување на склучениот договор за набавка на адвокатски услуги. Во доставената информација, под број 2 стои дека „вработените во секторите се особено задоволни од понудените консултации и решенија“. Советничката праша што значи „особено задоволни“. Потоа, се наведува дека „ангажираниот адвокат во целост и успешно ги исполнил обврските од склучениот договор“, како и дека „во тек се постапки по кои Агенцијата е застапувана од страна на ангажираниот адвокат пред надлежните судови“. Таа побара појаснување за значењето на овие наводи, како и генерална статистика за 2025 година: во колку предмети биле застапувани во судски постапки, колку се завршени и колку се во тек.

Директорот д-р Зоран Трајчевски објасни дека Советот не одлучува за изборот на конкретен адвокат туку одлучува за потребата од ангажирање адвокати. Тој нагласи дека во материјалите е наведено „адвокат од Скопје“ бидејќи Советот не смее да

одлучува за конкретен адвокат со име и презиме и нема таква надлежност. Советот само ја одобрува сумата што може да се потроши за таа намена.

Советничката Цветанка Митревска повторно праша дали директорот има дискреционо право самиот да ја одбере адвокатската канцеларија.

Директорот д-р Зоран Трајчевски објасни дека одговорот на ова прашање е поврзан со претходното прашање. Тој нагласи дека одлуката за избор на адвокатска канцеларија ја носи директорот, додека Советот не смее да гласа за тоа кој ќе биде избран, слично како што Советот не одлучува која фирма ќе биде избрана за некоја услуга туку само гласа за потребата од јавна набавка. По усвојувањето на потребата, Комисијата за јавни набавки разгледува и предлага на директорот дали да ја прифати одлуката за избор или не. Директорот посочи дека ако во материјалите беше наведено името на адвокатската канцеларија, Советот би имал обврска да гласа за нешто што не е во неговата надлежност. Затоа, во материјалите не е наведено за која адвокатска канцеларија станува збор. Во однос на предметите кои адвокатот ги застапувал во 2025 година, директорот објасни дека службата ќе подготви извештај кој ќе им биде доставен на членовите на Советот. За тоа не е потребна седница, материјалот ќе биде доставен откако ќе се подготви. Трајчевски додаде дека улогата на адвокатот е да ги штити интересите на Агенцијата и да дава правни мислења кои се правно засновани согласно Законот, како и да ја штити Агенцијата од непотребни или несакани правни проблеми што би можеле да произлезат од непочитување на законските прописи. Во однос на задоволството на вработените, директорот истакна дека во изминатиот период Агенцијата секогаш добивала точно и навремено информирање и стручни правни совети од страна на адвокатската канцеларија. Тоа е причината за оценката дека вработените се „особено задоволни“ бидејќи секогаш добивале компетентни и правно основани одговори.

Советничката Цветанка Миновска рече дека врз основа на образложението веќе е јасно за што се ангажира адвокатската канцеларија и праша дали може да заклучи дека дискреционото право за избор на адвокатската канцеларија е на директорот.

Директорот д-р Зоран Трајчевски одговори дека јавно ја дал оваа информација и дека целиот одговор ќе биде вклучен во записникот.

Советничката Година Мајнова потсети дека во доставениот дневен ред, Точката 3 е „Предлог за давање одобрување за донесување одлука за одобрување финансиски средства за набавка на адвокатски услуги“, што не е спорно и како член на Совет таа ќе го поддржи. Меѓутоа, таа нагласи дека подолу во истата точка веќе е даден предлог-договор за склучување договор со адвокатката Лилјана Милошевска, во траење од една година. Советничката праша зошто, иако станува збор за сума од 500.000 денари, не се побарала понуда и од други адвокатски канцеларии, кои можеби би понудиле пониска цена. Таа истакна дека иако директорот оценува дека цената е ниска, а адвокатската канцеларија соработува со Агенцијата од 2019 година, треба да се даде простор за конкуренција и можност и други канцеларии да поднесат понуда.

Членот на Советот Петар Цуровски рече дека се согласува со забелешките на советничките Мајнова и Миновска дека можеби треба да се разгледа ангажирање друга адвокатска канцеларија. Меѓутоа, тој нагласи дека треба да се има предвид дали потенцијалните кандидати се запознаени со статутот на институцијата и со регулаторните односи кои Агенцијата ги има со медиумите и државата. Цуровски посочи

дека е важно адвокатот да биде веќе запознаен со тоа што треба да ги штити интересите на Агенцијата и Советот. Тој наведе примери од своето искуство како член на Советот кога одредени лица ја тужеле Агенцијата или користеле погрдни зборови, поради што адвокатската канцеларија мора да има познавање за АВМУ како регулаторно тело. Правното мислење треба да биде законски издржано, за Агенцијата да биде заштитена и да дејствува согласно законот. Во таа насока, треба да се разгледува кој е компетентен и стручен за да ја заштити Агенцијата. Доколку Советот смета дека треба да се објави конкурс за нова адвокатска канцеларија, Џуровски рече дека ја поддржува таа идеја. Сепак, според него, логично е сегашниот тим, кој соработува веќе пет години и ја совладал тематиката на Агенцијата, да остане бидејќи менувањето би било непотребно комплицирање на прашањето.

Советничката Зирјета Јајага побара информација колку предмети Агенцијата ги има добиено и колку изгубено со ангажирањето на оваа адвокатската канцеларија.

Директорот д-р Зоран Трајчевски одговори дека за да се даде целосен и точен одговор, потребно е да се изврши детална проверка. Тој посочи дека единствените случаи изгубени во 2025 година, и тоа на прв степен суд, се однесуваат на две телевизии за време на изборите, каде што имало прекршување на молкот. Сепак, овие случаи се обжалени на Апелација, и до овој момент нема конечна одлука, така што можеби и тие ќе се добијат. Сите други предмети што ги води Агенцијата биле добиени. Во врска со прашањето на советничката Гордана Мајнова, Трајчевски објасни дека предлог-договорот е намерно доставен како прилог на материјалите за Советот да има увид во тоа што ќе се потпишува. Тој нагласи дека Агенцијата постапува транспарентно и ништо не крие, па затоа договорот е приложен, иако тоа не е законска обврска. Во врска со дискусијата на советникот Петар Џуровски, директорот објасни дека доколку се разгледа Планот за јавни набавки што беше усвоен на денешната седница, ќе се види дека оваа услуга не подлежи под Законот за јавни набавки. Затоа нема потреба од објавување јавна набавка, туку само се обезбедени финансиски средства согласно Финансискиот план, каде што е предвидена сумата наменета за адвокатската канцеларија.

Советничката Цветанка Миновска рече дека ќе дискутира и во името на Гордана Мајнова и во името на Зирјета Јајага. Таа нагласи дека не спорат за изборот на адвокатската канцеларија, ниту за името и презимето на адвокатот, ниту за сумата што е предвидена – сето тоа е в ред. Меѓутоа, побара појаснување од каде произлегува задоволството и целосното исполнување на обврските, односно колку случаи во 2025 година се добиени и колку се изгубени, за Советот да има увид врз основа на што се должи задоволството на вработените и оценката дека обврските се целосно исполнети од досегашната адвокатска канцеларија.

Директорот д-р Зоран Трајчевски одговори дека веќе го дал овој одговор: во 2025 година, со ангажирањето на оваа адвокатска канцеларија, се добиени сите случаи освен два, кои во моментот се пред Апелација.

Советникот Петар Џуровски рече дека советничката Цветанка Миновска сака да знае процентуално колку случаи се добиени, а колку изгубени. Тој предложи таа информација да ѝ се достави во писмена форма по е-пошта. По добиената информација, Советот ќе дискутира дали има потреба од разгледување на можноста за ангажирање нова адвокатска канцеларија и ќе се отвори тоа прашање.

Советничката Гордана Мајнова рече дека ѝ е сосема јасно дека оваа ставка не е предмет на јавна набавка и дека не е потребно распишување оглас. Меѓутоа, праша зошто не се испратиле неколку пораки на е-адреса до други адвокатски канцеларии за изразување интерес, со цел можеби да се добие пониска цена.

Директорот д-р Зоран Трајчевски објасни дека оваа адвокатска канцеларија до сега 100 % ги исполнува обврските на Агенцијата. Како директор, смета дека за оваа ниска сума нема потреба да се бара друг адвокат кој може да предизвика правни последици. Доколку во иднина се појави незадоволство од спроведувањето или од давањето правни совети, тогаш ќе се разгледа ангажирање друг адвокат. Тој истакна дека станува збор за квалитетно адвокатско друштво кое целосно ги исполнува барањата на Агенцијата и затоа не е потребно барање други понуди. Дополнително, сумата што ја нуди оваа адвокатска канцеларија за еден месец е многу ниска и може да се каже дека е значително пониска од сумата што ја плаќаат други државни институции во Македонија за слични услуги.

Советникот Петар Џуровски рече дека станува збор за правно и стручно мислење, кое ги засега сите советници. Тој нагласи дека тука не станува збор за заштеда на пари, туку за обезбедување квалитет, компетентност и познавање на Законот и подзаконските акти на Агенцијата, односно целосната регулатива во оваа област. Смета дека ако процентот на добиени случаи не е 100 % туку 90 %, тоа сепак е добра цифра. Поради тоа, не треба да се воведува нова адвокатска канцеларија за да не дојде до конфликт и затоа што новиот адвокат би требало година-две да се едуцира, да се запознае со процедурите и законите на Агенцијата и да биде обучуван од правната служба.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски рече дека дискусијата за оваа точка била исцрпна. Од неа произлегува дека директорот има дискреционо право за избор на адвокатската канцеларија, додека Советот го одобрува Финансискиот план. Тоа што е наведено подолу, односно името на адвокатската канцеларија, е само информација дека е одбрано друштвото кое веќе пет години успешно ја извршува својата работа.

Советот на Агенцијата за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со 4 гласа „за“, еден глас „против“ од Гордана Мајнова и еден воздржан глас од Цветанка Миновска, даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за одобрување финансиски средства за набавка на адвокатски услуги за 2026 година.

За горенаведената набавка на адвокатските услуги се одобруваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари (со вклучен ДДВ), кои се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе склучи договор со субјектот кој ги исполнува бараните услови со кој ќе се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни.

По гласањето, директорот д-р Зоран Трајчевски уште еднаш нагласи дека Советот гласаше за одобрување финансиски средства, а не за избор на адвокатска канцеларија.

Точка 4

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**